ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ПЛАВАЈА
Радовиш

# ЈП „ПЛАВАЈА“ – РАДОВИШ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Ул: „Свети Спасо Радовишки“ бр:32, 2420 Радовиш
ЕДБ: МК4023999108401, Жиро сметка: Тутунска Банка 210052660250146
Телефони: (+389) 032/635-323, Факс: 032/635-201
www.plavaja.com.mk ; plavaja.radovis@gmail.com

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА п.о.
Бр. 0102-1651/1
20.02.2025 год.
Радовиш

# И З В Е Ш Т А Ј

## За реализација на програмата за одржување на гробиштата во населените места Радовиш, Раклиш, Ораовица, Јаргулица и Покрајчево за 2024 година

Февруари 2025 година

Јавното претпријатие за комунални дејности Плаваја Радовиш како носител на целокупните комунални дејности на територијата на општина Радовиш преку одделението за гробишта врши дејности во оваа област и тоа во градот Радовиш и во населените места Раклиш Ораовица, Јаргулица и Покрајчево.

Со оваа програма се утврдува видот, физичкиот обем и вредностите на работите кои се извршуваат на потребното ниво и општо одржување и одржување на гробиштата во овие населени места со кои стопанисува ЈП Плаваја Радовиш.

Одржувањето на гробиштата посебно во градот Радовиш претставува голем проблем поради недооформената комунална структура со што е отежнато спроведувањето на закопите и посетата на граѓаните на нивните гробни парцели.

Поради исполнување на капацитетите за формирање на нови гробни места на градската гробишта во Радовиш, потребно е итно (ургентно) да се најде решение кое ќе биде подолгорочно со проширување на постоечките локации со нови гробни парцели. Исто така е потребно да се обезбеди и дополнителен паркинг простор за потребите на граѓаните.

ЈП Плаваја Радовиш преку одделението за гробишта за успешно извршување на планираните работи во 2024 година ги презеде следните активности:

1. Одржување и чистење на гробиштата,
   - косење на трева , кастрење и сечење на одредени дрвја
   - собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на градска депонија
2. Парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни ѕидови и бетонирање на патеки

3. Административни работи

## 1. Одржување и чистење на гробиштата, косење и кастрење, собирање и транспорт на комунален отпад

За одржување на комуналната хигиена, зеленило со косење и кастрење беа ангажирани работници во денови на интервенци прикажан во табела бр.1:

**Табела бр.1**

| Ред.бр. | локација | Денови на интервенција | Човечки ресурси |
|---|---|---|---|
| 1. | Градски гробишта | 250 | 4 |
| 2. | с.Раклиш | 52 | 2 |
| 3. | с. Ораовица | 52 | 2 |
| 4. | с.Јаргулица | 52 | 2 |
| 5. | с. Покрајчево | 52 | 2 |

За извршување на активностите, се изврши набавка на потрошни материјали прикажани во табела бр. 2 и тоа:

**Табела бр.2**

| Ред.бр. | локација | Гориво во литар | Уље во литар | Конец в ометри |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Градски гробишта | 155 | 25 | 1300 |
| 2. | с.Раклиш | 60 | 10 | 600 |
| 3. | с. Ораовица | 60 | 10 | 600 |
| 4. | с.Јаргулица | 60 | 10 | 600 |
| 5. | с. Покрајчево | 60 | 10 | 600 |

Собирање и транспорт на комунален отпад ЈП Плаваја го врши од гробиштата што се доделени на управување од страна на советот на општина Радовиш и тоа: градските гробишта во Радовиш и гробиштата во населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, и Покрајчево и тоа 4 пати во текот на годината и за изведување на истата беа потребни следните ресурси:

**12 камионски тури х 4 пати = 48 тури**
**Работа на Скип 12 часа х 4 пати = 48 часа**
**Човечки ресурси 8 дена х 3 работника**

2. **Парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови и бетонирање на патеки**

За парцелизирање на гробни јами, обновување на оградувањето со бетонски столбови и жица на сите локации каде што ЈП Плаваја е назначена за управуител на гробишта (во Радовиш, Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево) се извршија следните активности:

Ангажирани човечки ресурси за изведба на градежни работи (обновување на ограда и влезни врати на гробиштата:

**25 дена х 2 работника**

Потребен материјал за оградување (метална мрежа, железо, метални и бетонски столбови

**За изведување на активност и одржување на комуналната инфраструктура:**

За бетонирање на патека набавени се следните материјали:
Песок 2м$^3$
Цемент 100
Даски за шелување 0,2м$^3$

Поединечно **потребните алати и опрема** за реализација на програмата се прикажани во **табела бр.3**:

**Табела бр.3:**

| Производ | количина |
|---|---|
| Метли (сламени или пластични) | 5 броја |
| Мотики | 4 броја |
| Гребули за лисја | 4 броја |
| Ножици за кроење со долги рачки | 2 броја |

Во табела бр.4 е прикажана **ХТЗ опремата** за работниците на одд. “Гробишта “:

**Табела бр.4:**

| Производ | количина |
|---|---|
| Работно одело летно | 6 броја |
| Работно одело зимно | 6 броја |
| ракавици | 100 броја |
| чевли | 6 броја |
| чизми гумени | 6 броја |
| флуоросцентен елек | 6 броја |
| кабаници | 6 броја |
| маици | 6 броја |

## 3. Административни работи и бруто плати за административни работници

Во реализацијата на оваа програма се опфатени и бруто плата во административниот дел и тоа:

1. Раководител на одделение
2. Финансово и материјално книговодство и наплата
3. Правни услуги

## ЗАКЛУЧОК

Може да констатираме дека програмата за одржување на гробиштата во Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица и Покрајчево делумно е исполнета од причини што поради немање доволно финансиски средства не се извршени инвестиции во планираните градежни зафати и парцелизацијата, додека во делот на одржување на хигиената, кастрењето на жбунови и обраснати и суви дрвја, косењето на тревата и одвозот на смет редовно се изведуваше према планираната динамика.

Приходите и расходите за одржување и управување со гробиштата каде ЈП Плаваја е управител се прикажини во финансовиот извештај за работа на ЈП Плаваја Радовиш за 2024 година кој е посебен документ.

Радовиш
17.02.2025 година.

Раководител на Сектор за развој и инвестиции
Драги Миленков

ЈП „Плаваја“ Радовиш
Директор
Гоце Дединец

489

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП „ПЛАВАЈА" Радовиш

| Примено: 27.03.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0201 | 286/1 | | |

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на LXIV седница одржана на 12.03.2025 година, донесе:

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештај за реализација на програмата за одржување на гробиштата во населените места Радовиш, Раклиш, Ораовица, Јаргулица и Покрајчево за деловната 2024 година од ЈП Плаваја Радовиш

I. Се усвојува Извештај за реализација на програмата за одржување на гробиштата во населените места Радовиш, Раклиш, Ораовица, Јаргулица и Покрајчево за деловната 2024 година од ЈП Плаваја Радовиш бр.0102-165/1 од 20.02.2025 година, наш бр.08-25/28 од 24.02.2025 година.

II. Овој Заклучок стапува на сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Радовиш"

Број 08-417/1
Дата 12.03.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Страхил Гавритов

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Strahil Gavritov
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, serialNumber=CRT3586221, cn=Strahil Gavritov
Date: 2025.03.12 17:53:13 +01'00'